**20251453232**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ

Врз основа на член 24 став (6) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), министерот за спорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОРИСТЕНИТЕ СРЕДСТВА ОД НАМЕНСКАТА ЖИРО-СМЕТКА НА КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВА ОД ГОДИШНИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Годишниот извештај за искористените средствата од наменската жиро-сметка на корисниците на средства од годишните програми за реализација на Националната стратегија за развој на спортот.

Член 2

Годишниот извештај се поднесува на Образец со А4 формат, кој се печати на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Образецот на Годишниот извештај се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во наредениот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1592/1
16 јули 2025 година
Скопје

Министер,
**Борко Ристовски,** с.р.

Прилог

**Образец**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

**за искористените средствата од наменската жиро-сметка на корисниците на средства од годишните програми за реализација на Националната стратегија за развој на спортот**

**за __________ година**

| |
|---|
| Годишна програма за ______________________________________ |

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Целосен назив на корисникот на средства | |
| ЕДБР | |
| НАМЕНСКА СМЕТКА за користење средства од годишните програми | |
| Овластен сметководствен субјект (Телефонски број и е-пошта) | |

Прилог

**РЕКАПИТУЛАР**

| Намена за која се користат средствата | Доделени средства | Потрошени средства | Нереализирани средства |
|---|---|---|---|
| • плати, надоместоци и бонуси за спортистите и спортскиот персонал кои имаат државјанство на Република Северна Македонија во износ не повисок од 50% од вкупно добиените средства за спортските клубови и активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуалните спортови<br><br>• и во износ не повисок од 20% од вкупно добиените средства за националните спортски федерации и други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт | | | |
| • плати, надоместоци и бонуси за спортистите и спортскиот персонал кои немаат државјанство на Република Северна Македонија во износ не повисок од 20% од вкупно добиените средства | | | |
| • трошоци поврзани со организација на патувања и престој на спортистот во земјата и во странство заради натпреварувања или подготовки | | | |

Прилог

| | | | |
|---|---|---|---|
| • трошоци поврзани со организација на патувања заради учество на годишни собранија на меѓународните спортски асоцијации, стручни семинари, конференции и усовршувања, а по претходна одлука на орган на управување во износ не повисок од 10% од вкупно добиените средства | | | |
| • трошоци поврзани со организација на светски и европски првенства, останати меѓународни натпреварувања од календарите на меѓународните спортски асоцијации, регионални натпреварувања и традиционални спортски манифестации | | | |
| • трошоци поврзани со обезбедување функционалност на спортските објекти во кои остваруваат тренинг и натпревари во износ не повисок од 30% од вкупно добиените средства | | | |
| • котизации и членарини во националните и во меѓународните тела и натпреварувања | | | |
| • набавка на спортска опрема и реквизити | | | |
| • трошоци поврзани со обезбедување просторно-технички услови и плаќање режиски и комунални трошоци за националните спортски федерации и спортските клубови | | | |

Прилог

| | | | |
|---|---|---|---|
| • **здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на спортистите** | | | |
| • **научно-истражувачка дејност на јавните високообразовни институции кои обезбедуваат наставна, научна и апликативна дејност од областа на спортот** | | | |
| Пренесени средства од претходна година | | | |
| **ВКУПНО** | | | |

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

______________________

(датум на поднесување)

М.П.

______________________